Тодор ЧЕПРЕГАНОВ
Петар ТОДОРОВ

Институт за национална историја – Скопје

# ДВА ДОКУМЕНТИ ЗА СОСТОЈБАТА ВО МАКЕДОНИЈА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ОД 1958 ГОДИНА

По Втората светска војна Федерална/Народна Република Македонија е новата реалност на Балканот. Сè до 1943 година големата тројка не очекува дека на крајот од војната ќе се појави нова држава на меѓународната сцена. Тие во своите разговори и договори воопшто не се осврнуваат на македонското прашање ниту како на државно ниту како на национално. Сметаат, пред сè Британците, имајќи предвид дека во Лондон се наоѓа југословенската кралска влада, дека по војната Југославија ќе остане во истите граници и со истата политичка поставеност и се залагаат за тоа. Во тие калкулации Македонија требало да биде дел од Србија, т.е. Вардарска бановина. Но реалноста на теренот не оди во прилог на калкулациите направени на зелената маса.

Македонскиот народ предводен од комунистите уште во текот на 1941 година заедно со другите народи на Југославија започнува борба против наци-фашизмот. Во текот на војната македонскиот народ ја покажува својата решеност да формира сопствена држава. И покрај фактот што не доаѓа до посакуваното обединување, сепак на дел од територијата на Македонија се создава македонска држава. Тоа се случува на 2 август 1944 година. Со тој чин, македонскиот народ, по вековните борби, иако со ограничена самостојност, се вбројува меѓу народите кои дури во средината на

XX век ги реализираат своите аспирации за формирање сопствена држава.

Постоењето на македонската држава во рамките на федеративна Југославија уште на самиот почеток е „камен на сопнување" не само во односите на големата тројка туку и во односите помеѓу балканските држави. Од големата тројка, Велика Британија е најзаинтересирана во однос на она што се случува на Балканот, а во центарот на вниманието е Македонија и искажаните претензии за обединување со преостанатите два дела. Таа политиката, заради свои интереси, ја поддржува и југословенското партиско и државно раководство. Британскиот став е многу јасен од самиот почеток – Македонија да биде во рамките на Југославија како федерална единица, и ништо повеќе од тоа. Соединетите Американски Држави целосно го поддржуваат овој став, додека Советскиот Сојуз калкулира и сака да ја држи ситуацијата неизвесна. Резолуцијата на Информбирото влијае на менување на состојбата со самиот факт што југословенската политика мора да ја напушти својата дотогашна ориентираност кон Советскиот Сојуз и да се сврти кон Западот. Несомнено дека Лондон и Вашингтон сакаат да профитираат од новонастанатата состојба. Тие сметаат дека таквата состојба може да биде искористена за „расцеп во источноевропската солидарност",[1] а Американците заклучуваат дека е добро „'Титоизмот' да продолжи да постои како ерозивна и дезинтеграциска сила во советската сфера" и дека е потребно „Тито да се одржи доволен силен" за да може да го преживее притисокот од Коминформот. Но, исто така, за нив е важно Југословените да ја „прекинат поддршката на грчките герилци". Несомнено, тие ја имаат предвид економската помош што му е неопходно потребна на Тито доколку сака да го одржи режимот. Затоа американските аналитичари се сосема во право кога во своите анализи наведуваат дека: „Тито (во соодветно време) ќе мора јасно да сфати дека Соединетите Американски Држави не се подготвени да продолжат… да му помагаат за да го зголеми степенот на југословенската економија доколку неговиот режим го поддржува востанието против слободно избраната влада, членка на ОН, која е воено поддржана од Соединетите Амери-

---

[1] PRO FO 371/72576R12455/300/92.

кански Држави. Кога Тито ќе се соочи со изборот на сопствениот витален интерес, тоа ќе го принуди да ја прекине помошта“.[2]

Како прагматичен политичар, Тито, несомнено, во ниту еден момент не бил подготвен да ја жртвува стабилноста на својот режим и територијалниот интеритет на новоформираната федерација заради обединувањето на Македонците, што се покажало веднаш по исклучувањето на Југославија од Информбирото во јуни 1948 година. Имено, соочен со опасностите од економски и од воен аспект, Јосип Броз Тито се откажува од идејата за создавање на обединета Македонија, и со тоа ја напушта борбата на грчките комунисти и на Македонците. Во таа новонастаната ситуација, основната цел на Велика Британија и на Соединетите Американски Држави била преку економска помош „Тито ’да се одржи на површина‘“,[3] што, од своја страна, барало и одредени отстапки од југословенскиот лидер, т.е. „ако Тито сè уште сака да ја добие нашата економска помош, ќе биде во негов интерес да ни даде некаква помош за возврат…Она што за возврат тој налесно може да го направи за нас, без притоа да го изгуби внатрешниот углед, е незабележано да ја повелече поддршката на грчките востаници“.[4] Како што е познато, во почетокот на мај 1949 година, со цел да се разреши ова „деликатно прашање“, во Белград е испратен Фицрој Меклин, шефот на Британската воена мисија во Југославија за време на Втората светска војна и близок пријател на Јосип Броз. Договорено е на политичките бегалци што ќе добијат азил во Југославија „во иднина да не им биде дозволено да се враќаат во Грција за да ја продолжат борбата“, но и „никаква друга помош да не им биде дадена на востаниците“.[5] Официјалното објавување на југословенската одлука за затворање на границата кон Грција следува во говорот на Тито во Пула, одржан на 10 јули 1949 година,[6] а како преттекст за ваквата одлука се обвинувањата изнесени од КПГ дека грчките владини војски ја употребуваат југословенската територија за напади врз ДАГ. По оваа одлука, за

---

[2] FRUS (1949): V, 860: Cannon to Acheson, 31/01/1949; Ibid., 867: Economoc relations Between the Unated States and Yugoslavia , Paper prepeared for the Under Secretary of State's Meeting, 14/02/1949; Ibid., 873–874: Acheson to Belgrade, 25/02/1949.

[3] PRO FO 371/72576R12455/300/92.

[4] PRO FO 371/78868 R 4224/1634/92.

[5] PRO FO 371/78716 R 4734/1051/92G.

[6] PRO FO 371/ 78448 R 717/10342/19.

Британците повеќе не постои никакво сомневање дека македонското прашање за подолго време ќе биде препуштено на заборавот.

Педесеттите години од XX век ги карактеризираат формирањето на двата спротивставени блока, Варшавскиот и НАТО, почетокот на Студената војна, нуклеарното вооружување и постојаната закана од почеток на нова војна. Во таквата констелација на сили, Македонија во рамките на федеративна социјалистичка Југославија ги формира сите национални, образовни и културни институции. Меѓутоа, на политички план, македонската елита, по отстранувањето на „сепаратистичката и антипартиската група", е ставена под контрола на централната влада во Белград. Македонското прашање, односно положбата на македонското малцинство во Бугарија, Грција и во Албанија, е контролирано, исто така, од централната влада во Белград.

Но и покрај овој факт, во педесеттите години британската дипломатија покажува интерес за она што се случува во и околу Македонија. За време на истражувањата во Националниот архив на Велика Британија (ПРО) откривме два документа од 1958 година кои се однесуваат на Македонија. Првиот документ претставува извештај на британската амбасада во Белград испратен до Министерството за надворешни работи на Велика Британија,[7] а вториот е на француски јазик и е испратен од српската емиграција во Франција до британскиот министер за надворешни работи, Селвин Лојд. Содржински, обата се однесуваат на настаните во Македонија.

Во продолжение ги пренесуваме документите во целина, со сите јазични и интерпункциски недоследности, со цел да се запази автентичноста на оригинаниот текст.

---

## ПИСМО ОД БРИТАНСКАТА АМБАСАДА ВО БЕЛГРАД ДО ЈУЖНИОТ ОДДЕЛ НА ФОРИН ОФИСОТ

ДОВЕРЛИВО

Британска амбасада (10327) Белград
18 октомври 1958 г.

Почитуван Оддел,

Во Вашето писмо PJ 1782/15 од 13 октомври (не е копирано за Софија или за Москва) прашавте за наш коментар во

[7] PRO FO 371/136893 R 10327.

однос на бугарската пропаганда насочена кон Македонците, на која „Тајмс“ ѝ ја посветува својата воведна статија од 8 октомври.

2. Како што можевте да разберете од многубројните писма што ги напишавме до Вас оваа година, Бугарите покажуваа знаци за користење на македонското прашање дури и пред отвореното нарушување на односите меѓу Југославија и другите комунистички партии во април. Уште на почетокот на март Југословените имале причина да се жалат на „големобугарскиот шовинизам“, кој се манифестирал на годишната прослава на Санстефанскиот договор (нашето писмо бр. 10327 од 11 април). Во нашето писмо бр. 2194 од 23 мај известивме за други примери од ваков карактер и во неговата архивирана телеграма бр. 21 од 23 август амбасадорот коментира дека претседателот Тито, се чини, бил на маки за да го истакне единството на југословенските народи. Но тоа продолжи и излезе од контрола во септември и ќе видите од нашите писма 2194 ’C’ од 20 септември, 4 октомври и 11 октомври дека е тешко да помине недела без некој југословенски контранапад.

3. Спорот, како што знаете, има долга историја; тој не се ограничи на некомунистичките владетели од предвоена Бугарија и Југославија. Во првите години од последната војна, борбата за контрола на македонската Комунистичка партија се водеше помеѓу југословенската и бугарската партија и е опишана на страна 78 et seq во брошурата на „Четман хаус“ за Македонија. И покрај тоа што Југословените ја добија поддршката на Коминтерната, Бугарите преку нивниот агент Шарло-Шаторов ја имаа истата, и тоа беше со цел да се раздвижи таквата состојба; Тито ја реафирмира во писмото до македонската партија во почетокот на 1943 година политиката на југословенската партија за национална автономија во рамките на југословенската федерација. Вооружен со ветувањето за ограничено самоопределување, Вукмановиќ-Темпо, како Титов пратеник, беше во можност во текот на таа година да ја поврати контролата во корист на југословенската партија. Победата беше постигната во 1947 година со Бледскиот договор, со кој Југославија доби признавање на нејзините позиции и одредени посебни права за Пиринска Македонија преку границата. Осудата на Југославија од страна на Коминформот во 1948 година ги обезбеди Бугарите со добредојден изговор за укинување на овој договор и оттогаш нејзините напори да поттикне проблеми во однос на македонското прашање беа разумно добар барометар за состојбата на односите на Југославија со Советскиот Сојуз.

4. Можеби не е наша работа да коментираме за самата бугарска пропаганда, но гледаме копии на резимеата од софискиот печат и добиваме идеја, иако веројатно искривена, за бугарската линија од југословенските одговори. Веројатно и бугарското радио пренесува слични содржини. Се чини дека главната поента во бугарскиот случај е дека Југославија намерно ги „србизира“ Македонците. И покрај тоа што самите Бугари веројатно веруваат дека Македонците се навистина Бугари по раса, историја, јазик и чувство, во нивната сегашна пропаганда тие заземаат полиберална линија, истакнувајќи дека во Бугарија секој човек е слободен да се изјаснува како Македонец ако сака; се подразбира дека некои ќе сакаат.

Југословените, од друга страна, беа со став дека Македонците се посебна раса со историја, култура и сопствен јазик и дека во федерална Југославија тие имаат целосно право да ја развијат својата посебност. Всушност, тие не се малцинство, туку конститутивна раса на федерацијата. Тие ја споредуваат оваа среќна држава со забраната на македонскиот јазик и култура во Бугарија и наводните бугарски негирања за постоењето на посебна македонска раса.

5. Картите на страница 117, 118 и 119 во томот 2 од Н. И. Д. Прирачникот за Југославија (1944) покажуваат дека етнографските факти се спорни, но во 1918 година нашите власти се приклонија кон ставот дека Македонците се различна раса. Меѓутоа, важна работа е и како Македонците се гледаат самите себеси; општо земено, сметаме дека тие сега се гледаат како различни и, конечно, дека не би сакале ниту Срби ниту Бугари да дојдат на власт во Македонија.

6. Тешко е да се оцени реакцијата во Македонија на „бугарската песна на сирената“. Ако економските услови се одлучувачки, се чини дека нема сомневање дека Македонците би биле многу задоволни со својата сегашна состојба и покрај сè уште големата сиромаштија. Развојот и на индустријата и на земјоделството намерно се забрзува и прогресот е забележителен. Според југословенските извори, вкупно 229 милијарди динари (приближно 135 милиони фунти се вложени за градење) се инвестирани во периодот 1947-1957 г., многу голема сума во однос на населението (1 305 000) или област од (13 800 км$^2$), националниот доход на областа се зголемил на 82,1% и областа што се обработува се зголемила на 54 000 хектари. Во својата контрапропаганда Југословените посебно

место им посветуваат на овој компаративен напредок и на автономијата на Македонија, посебно ставајќи акцент на условите во регионот пред војната. Охрабрувањето од федералната влада на движењето за отцепувањето во Православната црква, за што информиравме во нашето писмо 1782 од 11 октомври, доаѓа делумно, со причина, од нивната желба да се потенцира оваа автономија и да им се даде на Македонците она што го сакаат. Се чини дека задачата на Југословените е полесна, што се должи на фактот дека бугарските окупациски сили во последната војна направиле многу малку за да се покажат позитивно за локалното население.

7. Од сето ова можеме да заклучиме дека Југословените нема од што да се плашат од бугарската пропаганда, но силината на нивната реакција се чини дека укажува на тоа дека тие не го делат тој став. Меѓутоа, тие се апсурдно чувствителни и реагираат во многу случаи на начин целосно несразмерен од постоењето на мала причина за нерасположение.

Но ако се прифати дека Македонците се гледаат себеси како посебна раса со посебен национален идентитет, може да се случи на подолг рок тие да го постават барањето за поголема независност или дури и отцепување, иако нема ништо што би можело да сугерира таков развој на настаните во овој момент. Бугарските барања варираат, и се приспособуваат на потребите на моментот, меѓу целосна анексија и формирање на своевремено независна голема Македонија, помалку или повеќе поврзана со Бугарија. Иако нема некакви шанси што било од ова да се реализира, Бугарите, со своите познати негирања на македонскиот идентитет, само ја насочуваат Југославија да ја нагласи посебноста и го поттикнуваат македонскиот национализам и на тој начин го зголемуваат ризикот дека Македонците нема повеќе да бидат задоволни само со локална самоуправа. Оваа долгорочна опасност може да смета на југословенската чувствителност; но во тој случај нивната реакција се чини не е добро проценета.

8. Дали Бугарите навистина гледаат толку далеку напред, не е наше да цениме, но за разлика од тоа и за разлика од оправданоста на различните тврдења што се појавија, нема никакво сомневање дека македонското прашање е корисно стапче со кое можат да се победат југословенските ревизионисти, за кои може да се гарантира дека ќе реагираат на пософистициран начин.

9. Mutatis mutandis, многу од горенаведеното, со големи разлики, важи и за албанската пропаганда насочена кон албанското

малцинство во регионот на Косово – Метохија, но со таа разлика што постои посебна тенденција кај југословенската јавноста во тој поглед, и тоа дека Шиптарите се граѓани од втора класа. Официјалната политика им даде еднаквост и покраинска автономија и, како и во Македонија, постои голема програма за економски развој. Затоа, економски, не постои сомневање од која страна е подмачкан лебот на Шиптарите,[8] а трендот на илегална емиграција од Албанија во Космет покажува дека тие го знаат тоа. Но економските фактори во голема мера се ирелевантни за расните прашања и тоа може да биде показ дека албанското малцинство претставува потенцијален извор на проблеми: секако дека Југословените, исто така, се покажаа чувствителни во однос на ова и во нивната сегашна контрапропаганда го нагласуваат економскиот развој на областа и улогата што ја имаат голем дел од Шиптарите во локалната влада.

10. Испраќаме копии од ова писмо до кабинетите во Софија и во Москва.

Искрено Ваш,

КАБИНЕТ

---

Париз, 13 декември 1958 г.
Неговата Екселенција господинот Селвин Лојд,
министер за надворешни работи на
Велика Британија

ПАРИЗ

Господине Министре,

имам чест да Ви испратам копија од едно писмо кое нашиот Комитет му го испратил на Неговата екселенција господинот Фостер Дулс, државен секретар на САД, при неговата посета на Париз. Како што е вообичаено, сакаме да Ве информираме за нашата постапка, приложувајќи кон ова писмо една белешка за македонскиот проблем и за создавањето македонска автономна црква.

[8] Во оригиналот стои: Shiptar's bread is buttered.

Нашиот Комитет е убеден дека дипломатијата на Обединетото Кралство не може да биде незаинтересирана за прашање кое ја поддржува советската експанзија на Балканот и во медитеранскиот басен.

Ве молам, господине Министре, да го прифатите уверувањето за моите чувства на високо уважување.

Потпис
[Милорад Радовановиќ]
Претседател
М. Радовановиќ

**Белешка за конституирањето на автокефална македонска црква**

Откако Советите, благодарение на напредувањето на армијата на Толбухин, му ја доделувале власта на г. Тито, новата комунистичка власт презеде најдраконски мерки против црквите, особено против Српската православна[9] црква. Една од нејзините првични цели беше да го скрши религиозното и националното единство на српскиот народ.

Србите, кои на Балканот зафаќаат централна позиција, се познати по силното национално чувство, по нивните патријархални традиции и по нивната верност кон Српската православна црква. За да се разберат нивните неискоренливи чувства, потребно е да се погледне во средниот век, во времето на кралството на Немањиќите, да се спомене долгата борба против исламот, следена од вековен отпор против османлиската доминација и будењето на српската нација во модерното време.

Токму од оваа религиска и патриотска традиција Србите ја црпеле силата да се борат, дури и со нермноправно оружје, против пангерманизмот, против „стремежот кон Исток“ на Хабсбурзите и Хохензолерните на Балканот. Ленин не згрешил кога го искажуваше својот страв од „српскиот национализам“ и тврдеше дека треба да се „скрши неговиот ’рбетен столб‘“. Сталин профитира од оваа лекција и кога Коминтерната во почетокот на Втората светска војна го елаборира својот план за сеопшта

[9] Тука и на други места понатаму во текстот авторот на овој документ наместо општоприфатениот термин во францускиот јазик *orthodoxe* го користи терминот *pravoslave*.

болшевизација, тој во национализмот на Србите виде пречка што треба да се уништи пред целосната советска експанзија на Балканот; поради тоа воспоставувањето независна македонска држава била една од воените цели на Кремљ.

Две последователни дејства од 1941 година придонеле во слабеењето и во, на она што треба да се нарекува, распарчување на српскиот народ.

Најпрвин беше војната водена со нечуено дивјаштво од страна на силите на Оската кога, по молскавичниот „Blitzkrieg“ на Хитлер, тие ја беа окупирале Југославија и ја беа поделиле нејзината територија меѓу себе и своите сателити. Создавањето на краткотрајната хрватска држава, која опфаќа повеќе од два милиона православни Срби, немаше други причини да постои освен доминирањето на нацизмот, овој неопангерманизам, и на фашизмот, нејзин соучесник. На Балканскиот Полуостров и во Источна Европа беше формирана една фантомска влада од „усташи“, или хрватски фашисти, под водство на Анте Павелиќ и Андрија Артуковиќ, организаторите на убиството на кралот Александар и на претседателот Луи Барту во Марсеј, 9 октомври 1934 г.; таа владееше со сила и според методите на Гестапо; таа масакрираше околу 600 000 православни Срби, на кои треба да се додадат хрватските патриоти, т.е. лојалните на југословенската држава, и Евреите; таа сруши 289 српски цркви и манастири; таа настојуваше, со еден збор, да го реши со терор српското прашање во егзитенцијалниот простор доделен од Хитлер на Павелиќ. Освен тоа, таа ја укина Српската православна црква и формираше автокефална црква на која и го дале името „Хрватска православна црква“.

Соучесниците во агресијата против Југославија го беа добиле својот надомест. Мусолиниева Италија анектира еден дел од Словенија и поголем дел од Далмација откинат од Хрватска. Унгарија на Хорти се прошири со Меѓумурје и еден дел од Војводина. Бугарија, најпосле, ја окупира српска Македонија. Така, во текот на годините на окупација, од 1941 до 1945 г., германофилската влада во Софија можеше полека да ја „бугаризира“ оваа територија, да протера многу Срби, да ги изгони сите владици и голем број српски православни свештеници.

Потоа следуваше, иако Втората светска војна сè уште не беше завршена, воспоставувањето на комунистичката диктатура, преземањето на власта од страна на „народните одбори“. Примену-

вајќи ги од збор до збор налозите на Ленин, владата на Тито го скрши националното, етничкото и духовното единство на србизмот, делејќи го српскиот елемент меѓу пет од шесте републики на новата „Федерација", наречена народна и демократска, плус два автономни региони (области).

Примерот на српска Македонија е карактеристичен. Иако оваа територија пред војната сочинуваше една бановина на југословенската држава, управувана според нормите на една законита децентрализација, г. Тито ја претвори во Република: на почетокот, тој им забрани на српските владици и свештеници, избркани од окупаторите, да ги повратат своите функции во епархиите и во парохиите. Потоа, тој ги задолжи своите лингвисти да го елаборираат македонскиот јазик и книжевноста. Накусо, тој ја одвои Македонија од српската целина, иако оваа земја беше основата на постоењето на српската држава во средниот век.

Комунистичката власт ги подложи патријархот Викентие Проданов и Светиот синод на страшен притисок за да ја признаат „Македонската православна црква", но залудно. Во 1956 г., комунистичката власт се обрати до патријархот на Бугарската православна црква, барајќи од него да интервенира кај патријархот Алексеј од Руската православна црква. Кога Неговото Високо преосвештенство Алексеј пристигна во Белград, тој го притиснал патријархот Викентиј да назначи на слободните епископски седишта барем прелати со македонско потекло кои живеат во Бугарија. Не успевајќи во сите овие обиди, актуелната власт на таканаречената „македонска република" свика на 5 октомври 1958 г. „Македонски црковно-народен собор". Овој Собор опфаќа членови од македонската Комунистичка партија и нивни помошници, свештени или световни лица. Одлучни да ја стават српската црква пред свршен чин, Соборот ја обнови Охридската архиепископија, избирајќи „митрополитна Македонската православна црква". Потоа Соборот одлучи дека Македонската православна црква ќе остане во „канонско единство" со Српската православна црква. Треба да се спомне дека митрополијата од Охрид во текот на историјата никогаш не беше македонска; имаше грчка црква, српска црква, бугарска црква; високите достоинственици на овие цркви, во текот на историските пресврти, ја администрираа оваа територија, толку често оспорувана меѓу Истокот и Западот; но никогаш немаше македонска црква.

И покрај изговорот за „канонско единство“, станува збор, всушност, за една политички поттикната шизма во рамките на српската црква, шизма преку која владата на Тито сака да ѝ даде на „македонската република“ религиска автокефалност соодветна на една вештачки создадена националност. Според логиката на овој план кој го распарчува српскиот народ, треба да се очекува формирање на други автокефални цркви во републиките што ја сочинуваат ФНРЈ, како Црногорска православна црква или, според моделот на пронацистичката хрватска држава, Хрватска православна црква.

Тоа само по себе подразбира дека владата на Тито не интервенирала во Македонија поради религиски цели ниту поради национални, дури и тесномакедонски. Комунистите не се националисти, иако тие знаат, во некои случаи, да го користат национализмот. Тие повеќе не се заинтересирани за администрирање на црквите, освен да ги потчинат под нивна контрола. Целите на комунизмот во Југославија, како и на другите места, се ексклузивно политички. Гледано од овој агол, делото преземено во Македонија не е еден дел од поопштиот план што се однесува на Балканот; тоа претставува прв чекор кон конституирањето на македонската држава, формирана од југословенска, грчка (егејска), бугарска Македонија, која веќе беше идеја на Ленин и која не престанала да биде главна грижа на Коминтерната на Балканскиот Полуостров. Доволно е да се погледне една карта за да се разбере дека СССР, повторно употребувајќи ги, во услуга на болшевизмот, поранешните аспирации на царизмот, сака да воспостави еден мост меѓу Бугарија и Албанија, кој ќе помогне да ја насочи одбраната на НАТО на север од источниот Медитеран, на ист начин како што египетско-сирискиот мост, создаден од Обединетата Арапска Република, настојува да ја насочи кон Југ. Создавањето на балканскиот мост побарува независност на Македонија, или нејзина автономија, на начин да ја изолира Југославија и да им го отсече на Србите патот за Солун и за Егејот.

Планот не е таен: тој беше јасно претставен од еден од главните комунистички водачи господинот Димитар Влахов, соработник на Тито и поранешен југословенски делегат во Коминтерната, во весникот „Балканска Федерација“. Во него тој ја поддржал ленинистичката теза за создавање една федерација на комунистичките републики на Балканот, подразбирајќи ја и Македонија, под врховно раководство на СССР.

Г. Тито многу порано, во Скопје на 11 октомври 1945 г., во една од своите први изјави по преземањето на власта јасно алудираше на овој план: „Има наши македонски браќа во егејска Македонија и ние не сме незаинтересирани за нивната судбина. Ние се трудиме да ги обединиме сите Македонци во една единствена земја“ (во „Борба“ од 12 октомври 1945 г.). Но неуспехот на комунистичката герила во Грција го обврза г. Тито привремено да се повлече од овој план и да започне нов маневар, оној на неутралност, за да ја отцепи Грција од западното сојузништво. Покрај кипарското прашање, тој сè уште не успеа во извршувањето на својата намера.

Разбирливо е дека Србите не му приговараат на населението на српска Македонија, која тие ја сметаат за јужна Србија, да се нарекува македонско; бидејќи јасно е дека овој регион беше силно жигосан од еден силен локален патриотизам искован во текот на долгата турска окупација. Србите се подготвени да ги прифатат сите формули на децентрализација или дури на административна автономија кои нема да му наштетат на националното единство. Тие немаат никаква забелешка за тоа што Светиот синод на Српската православна црква назначува во македонските епархии владици по потекло од српска Македонија, под услов тие да ги исполнат условите утврдени од страна на канонското право и ја потврдат својата лојалност кон југословенската држава.

Од друга страна, Србите се единствени за да се кренат против која било политика што тежнее да го ослаби не само српскиот елемент туку и цела Југославија врз посебно чувствителната точка од европскиот југоисток, која е истурена точка на западната цивилизација. Поради тоа српските емигранти од целиот свет, гласот на слободна Србија, треба да протестираат против овој нов атентат на слободата и дигнитетот на нивната национална црква, на ова дрско предизвикување од страна на безбожниот комунизам против нивните религиозни и национални традиции, за кои српска Македонија во средниот век беше славната колевка.

Todor CHEPREGANOV
Petar TODOROV

# TWO DOCUMENTS ABOUT THE SITUATION IN MACEDONIA BY THE MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS OF THE UK FROM 1958

*- summary-*

Despite the fact that the Macedonian issue was "controlled", the British diplomacy in 1950s showed interest in what was happening in and around Macedonia in relation to that matter. We present two documents from 1958 related to Macedonia. The first document is a report of the British Embassy in Belgrade sent to the Ministry of Foreign affairs of the UK, and refers to the Bulgarian propaganda against Macedonia. The second one is in French, and was sent by the Serbian emigration in France to the British Ministry of Foreign Affairs.